РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за поттикнување на
развојот на земјоделството
Agjencia për nxitje të zhvillimit të bujqësisë
Бр./Nr. 02-160/1
19-11-2020 20 ___ год./vit
Битола-Manastir

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

П Р А В И Л Н И К

за систематизација на работните места во Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството

Битола, Ноември 2020 година

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), Директорот на Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството, на ден 19-11-2020 2020 година, донесе

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), Директорот на Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството, на ден_____2020 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
за систематизација на работните места во Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува вкупниот број на вработените (административни службеници и помошно – технички лица) во Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, распоредот, шифрата, називот и описот на работните места по организациони единици и посебните услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места.

Член 2

Работите и задачите што се вршат во Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството се определуваат, согласно нивната сродност, меѓусебна поврзаност, видот, обемот и степенот на сложеноста, одговорноста и другите услови за нивното извршување.

Член 3

Работите и задачите утврдени со овој правилник претставуваат основа за вработување и распоредување на вработените во Агенцијата за поттикнување на развјот на земјоделството.

Член 4

Табеларниот преглед (работна карта) на работните места во Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството.

II. РАСПОРЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 5

(1) Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 135 извршители на работни места, од кој 134 извршители на административни службеници и еден извршител помошно техничко лице, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, од кои пополнети се 123.

Член 6

Работните места на административни службеници согласно Законот за вработени во јавен сектор се распоредени на следниот начин:

Ниво	Систематизирани работни места	Пополнети работни места
Б01	1	1
Б02	3	2
Б03	1	1
Б04	14	7
В01	35	34
В02	20	20
В03	6	6
В04	32	30
Г01	10	10
Г02	10	9
Г04	2	2
Вкупно:	134	122

Член 7

(1) Во рамките на категорија Б се утврдени следниве нивоа на работни места на административни службеници:

- Б1 - раководен административен службеник од прво ниво,
- Б2 - раководен административен службеник од второ ниво
- Б3 - раководен административен службеник од трето ниво и
- Б4 - раководен административен службеник од четврто ниво.

(2) **Раководниот административен службеник од категоријата Б треба да ги исполни следниве посебни услови на работното место:**

- Стручни квалификации за сите нивоа - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- потврда за положен испит за административно управување,
- работно искуство, и тоа:
    - за нивото Б1 најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор, за нивото Б2 најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор,
    - за нивоата Б3 и Б4 најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и положен испит за административно управување (кај сите нивоа од категоријата-Б)

(3) **Потребни општи работни компетенции на напредно ниво:**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење; и
- финансиско управување.

Член 8

(1) **Во рамките на категорија В се утврдуваат следниве нивоа на работни места на административни службеници:**

- В1-стручен административен службеник од прво ниво
- В2-стручен административен службеник од второ ниво
- В3-стручен административен службеник од трето ниво и
- В4-стручен административен службеник од четврто ниво.

(2) **Стручниот административен службеник од категоријата В треба да ги исполни следниве посебни услови:**

- стручни квалификации, и тоа:
  - за нивото В1 ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
  - за нивоата В2, В3 и В4 ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- работно искуство, и тоа:
  - за нивото В1 најмалку три години работно искуство во струката,
  - за нивото В2 најмалку две години работно искуство во струката,
  - за нивото В3 најмалку една години работно искуство во струката или
  - за нивото В4 со или без работно искуство во струката;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место.

(3) **Потребни општи работни компетенции на средно ниво:**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и

- финансиско управување.

Член 9

(1) **Во рамките на категорија Г се утврдуваат следниве нивоа на работни места:**

-Г1- помошно-стручен администартивен службеник од прво ниво
-Г2- помошно-стручен администартивен службеник од второ ниво
-Г3- помошно-стручен администартивен службеник од трето ниво и
-Г4- помошно-стручен администартивен службеник од четврто ниво.

(2) **Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници/ друг посебен закон или колективен договор за помошно - стручни административни службеници од категоријата Г се:**

- ниво на стручни квалификации V A или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование.
- работно искуство, и тоа:
    - за нивото Г1 најмалку три години работно искуство во струката,
    - за нивото Г2 најмалку две години работно искуство во струката,
    - за нивото Г3 најмалку една години работно искуство во струката или
    - за нивото Г4 со или без работно искуство во струката;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место.

(3) **Потреби општи работни комепетенции на основно ниво:**

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни; и
- финансиско управување.

II. РАСПОРЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ПОМОШНО ТЕХНИЧКИТЕ ЛИЦА

Член 10

(1) Во овој Правилник се утврдени и опишани вкупно 1 извршител помошно техничко лице, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за Внатрешна организација на Агенцијата на поттикнување на развојот на земјоделството.

(2) Работните места на помошно техничкото лице е распоредено на следниот начин:

Ниво	Систематизирани работни места	Пополнети работни места
А03	1	1
Вкупно	1	1

Член 11

(1) Општи услови за помошно технички лица:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

(2) Посебни услови за помошно технички лица:

- да има завршено основно образование;
- со/ без работно искуство.

III. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

1. Државен советник за прашања од областа на земјоделството и руралниот развој	
Реден број	1.
Шифра	УПР 01 01 Б01 000
Ниво	Б1
Звање	Државен советник
Назив на работно место	Државен советник за прашања од областа на земјоделството и руралниот развој
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор
Вид на образование	Организациони науки и управување (менаџмент), добиточно производство, агроекономија.
Други посебни услови	- поседува возачка дозвола од Б категорија.

Работни цели	вршење на најсложени работни задачи што бараат посебна самосотојност и стручност во врска со прашањата од областа на земјоделството и руралниот развој, а кои произлегуваат од надлежностите на АПРЗ, како и поддршка на работата на Директорот. –Општина Свети Николе
Работни задачи и обврски	- давање на совети на Директорот на АПРЗ од неговиот делокруг на работа и поддршка на неговата работа; - соработува со другите раководни административни службеници од институцијата; - соработува со други државни органи, органи на локалната власт, домашни и меѓународни организации, на соодветното ниво, како и со претставници на стопанството и на граѓанскиот сектор; - учествува во работата на работните тела на Собранието на Република Северна Македонија и на работните тела на Владата на Република Северна Македонија, кога за тоа е овластен од Директорот на АПРЗ; - во случај на отсуство или спреченост на Директорот и на заменик на директорот, ги заменува, врз основа на овластување од Директорот кој раководи со АПРЗ.

Сектор за административно правни - општи работи и човечки ресурси	
2. Раководител на сектор за административно правни - општи работи и човечки ресурси	
Реден број	2.
Шифра	УПР 01 01 Б02 000
Ниво	Б2
Звање	Раководител на сектор
Назив на работно место	Раководител на сектор за административно правни - општи работи и човечки ресурси
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор
Вид на образование	правни науки, економски науки, јавна администрација
Други посебни услови	- поседува возачка дозвола од Б категорија.
Работни цели	раководење со секторот, организирање, насочување и координирање на работата на секторот - Општина Битола.

Работни задачи и обврски	- организирање, насочување и координација на работата на секторот; - вршење на непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите; - распоредување на работите и задачите на раководителите на одделенијата во состав на секторот со кој раководи; - подготовка на извештаи за напредокот во спроведувањето на програмата за работа на секторот и одделенијата во состав; - подготовка на предлози за политики по начелни прашања од надлежност на секторот; - подготовка на мислења и анализи за прашања поврзани со одредени политики и со остварувањето на програмата за работа на АПРЗ, кои бараат одлуки од највисоко ниво; - одговара за навремено, законито и квалитетно вршење на работите и задачите во секторот ; - обезбедува предлог програма за работа на секторот и со другите раководители на сектори, учествува во координирањето на подготовката на програмата за работа на АПРЗ; - ги следи законите и другите прописи од областа и се грижи за нивна примена во АПРЗ; - одговорен е за ефикасното и ефективно застапување на АПРЗ во правните работи и споровите пред надлежните судови и други органи во РСМ.
Одделение за административно правни и општи работи	
2.1 Раководител на одделение за административно правни и општи работи	
Реден број	3.
Шифра	УПР 01 01 Б04 000
Ниво	Б4
Звање	Раководител на одделение
Назив на работно место	Раководител на одделение за административно правни и општи работи
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на секторот
Вид на образование	Правни науки, економски науки, организациони науки и управување (менџмент)
Други посебни услови	- поседува возачка дозвола од Б категорија.
Работни цели	раководење со одделението, организирање, насочување и координирање на работата на одделението. – Општина Битола

Работни задачи и обврски	- организирање, насочување и координација на работата на одделението; - вршење на непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите; -континуирано ги следи измените на законските прописи и ги проучва и применува законските прописи од областа на користењето и располагањето со стварите на државните органи, канцелариското и архивското работење, а по потреба дава упатства за нивна примена; - подготовка на предлог - план за работа на одделнието со кој раководи; - подготовка на извештаи за напредокот во спроведувањето на програмата за работа на одделението со кој раководи; - дава инструкции и стручни совети на вработените во одделението и се грижи за одржувањето на деловните простории на АПРЗ; - се грижи за снабдувањето на АПРЗ и работните единици со канцелариска опрема и инвентар, за снабдувањето и издавањето на потрошен канцелариски материјал, потрошен материјал за техничка опрема, средства за хигиена и други средства за работа; - се грижи за организацијата на работни и протокаларни посети на претставници; - се грижи за правилното архивирање на материјалите што се изготвуваат во АПРЗ и им дава упатства на работниците во врска со тоа како и за правилната и законитата употреба на печатите и штембилите на АПРЗ.
2.2Помлад соработник за обработка и евиденција на документација	
Реден број	4.
Шифра	УПР 01 01 В04 000
Ниво	В4
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник за обработка и евиденција на документација
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделението
Вид на образование	правни науки, економски науки, јавна администрација
Други посебни услови	- да поседува возачка дозвола од Б категорија.
Работни цели	вршење поедноставни работи и задачиво врска со обработката и евиденција на документација.- Општина Битола

Работни задачи и обврски	- врши наједноставни работи врз основа на конкретни упатства и насоки, со постојан надзор и контрола од раководителот на одделението; - учествува во обработката на документација и евиденцијата на материјали; - врши други работи и задачи што ќе му ги довери раководителот на одделението; -учествува во подготвителни работи при изработувањето на законски и подзаконски акти од надлежност на АПРЗ; -врши оперативно правна обработка на пристигнати мислења од државни органи и институции; -ги следи и проучува Законите, подзаконските акти и нивните измени; -Води евиденција за предметите во одделението; -Води евиденција за примените и решените предмети во одделението.
2.3Самостоен референт за стручна-администартивна поддршка	
Реден број	5.
Шифра	УПР 01 01 Г01 000
Ниво	Г1
Звање	Самостоен референт
Назив на работно место	Самостоен референт за стручно-администартивна поддршка
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделението
Вид на образование	Вишо / средно техничко образование
Други посебни услови	- поседува возачка дозвола од Б категорија.
Работни цели	извршување сложени документациони работи во одделението, во согласност со општите упатства од раководителот на одделението.-Општина Битола
Работни задачи и обврски	- води евиденција, грижа, осигурување за исправноста на возилата во АПРЗ, -се грижи за осигурување на имотот во сопственот на АПРЗ, - издава потрошни материјали на организационите единици на АПРЗ и води евиденција за издадените материјали; - издава реверси за задолжување и раздолжување со опрема и ситен инвентар; -прибирање на барања од секторите на АПРЗ за потребите од стоки и услуги; -комуникација со економските оператори и доставување на нарачки за стоки и услуги од спроведените набавки;

	-следење на набавките и внимавање за ненадминување на пропишаните договори.
2.4Самостоен референт за архивско работење	
Реден број	6.
Шифра	УПР 01 01 Г01 000
Ниво	Г1
Звање	Самостоен референт
Назив на работно место	Самостоен референт за архивско работење
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделението
Вид на образование	вишо / средно гимназиско образование
Работни цели	извршување сложени документациони работи во одделението, во согласност со општите упатства од раководителот на одделението.-Општина Битола
Работни задачи и обврски	- се грижи за безбедно и ажурно чување на општите акти на АПРЗ за канцелариското и архивското работење; - води сметка за правилно архивирање на сите предмети според планот на архивските знаци и листи на катергории за чување на архивската граѓа и на регистраскиот материјал; - се грижи за безбедно чување на архивскиот материјал од секаков вид на уништување, помага во комплетирањето на докумети, и се грижи за други работи доверени од непосредниот раководител; - се грижи за обезбедување каталогизација на сите издадени публикации на АПРЗ; - врши идентификација и обезбедување на сите релевантни еколошки информации, идентификација и користење на сите најдобри извори на ваков материјал, на локално, национално и меѓународно ниво за потребите на АПРЗ; - врши заведување и попис на библиотечен материјал од различни медиуми; - подготвува статистички извештаи кои произлегуваат од евиденцијата што ја води; - се грижи за сместување и чување на библиотечниот фонд, уредување и изложување на актуелни публикации и промотивни материјали за привлекување на вниманието и интересот на јавноста во секторот; - го идентификува изворот и ја обезбедува и проследува бараната информација како и ажурирање на евиденцијата на посетители и читатели.

2.5Соработник администратор и одржувач на ИКТ опрема	
Реден број	7.
Шифра	УПР 01 01 В03 000
Ниво	В3
Звање	Соработник
Назив на работно место	Соработник администратор и одржувач на ИКТ опрема
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделението
Вид на образование	Компјутерска техника и информатика
Други посебни услови	- поседува возачка дозвола од Б категорија.
Работни цели	обезбедување на оперативното функционирање на ИКТ инфраструктурата.-Општина Битола
Работни задачи и обврски	- му помага на раководителот на одделението во спроведување на програмата на одделението; - учествува во изготвувањето на план за работа на одделението и се грижи за неговата реализација; - учествува во изготвувањето на периодични и годишни извештаи за работата на одделението и прегледи за спроведените активности; - го обезбедува оперативното функционирање на ИКТ инфраструктурата и обезбедува логистика на оперативните софтвери и web страната; - дава стручно мислење во дефинирање на потребните параметри и карактеристики од софтеверски апликации, хардверска инфраструктура и интеренет услуги, - го следи и го спроведува системот за безбедност и заштита на податоците, документите и информациите од информацискиот систем на АПРЗ; - се грижи за редовно одржување и сервисирање на ИКТ инфраструктурата и прави мали интервенции на ИКТ опремата; - води база на податоци на инсталираната опрема и задолжувањето со опрема и учествува во реализацијата на обуката за основно компјутерско познавање; - врши задолжување/раздолжување на компјутерска опрема и води евиденција за истата и го организира одржувањето на опреамата на локацијата на сервисерот; - ја администрира процедурата и води евиденција за реализираната заштита на податоци, back up и електронско архивирање на податоци и документи од ИС на АПРЗ.
Одделение за управување со човечки ресурси	

2.6 Раководител на одделение за управување со човечки ресурси	
Реден број	8.
Шифра	УПР 01 01 Б04 000
Ниво	Б4
Звање	Раководител
Назив на работно место	Раководител на одделение за управување со човечки ресурси
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на секторот
Вид на образование	Правни науки, јавна администрација, организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	- поседува возачка дозвола од Б категорија.
Работни цели	раководење со одделението, организирање, насочување и координирање со работата на одделението.-Општина Битола
Работни задачи и обврски	- раководи со одделението, формира и одржува дата база за обуки за вработените, -организирање, насочување и координација на работата на одделението и се грижи за стручното усовршување на вработените во АПРЗ; - непосредно соработува со образовните центри, -учествува во процесот на оценување на административни службеници во АПРЗ; - подготовка на извештаи за напредокот во спроведувањето на програмата за работа на одделението со кое раководи; - подготовка на иницијативи за решавање на одделни прашања и проблеми од делокруг на одделението со кое раководи и други материјали; - подготвува и предлага план за работа на одделението и се грижи за реализирање на планот за работа; - одговара за навремено, законито и квалитетно извршување на работите и задачите што се вршат во одделението и за извршување на утврдената политика во областа на управувањето со човечките ресурси, вклучувајќи ги оние поврзани со правичната застапеност на заедниците; - учествува во одлучувањето за спроведување на конкретни одлуки за работите што се вршат во одделението по претходни инструкции од повисоко ниво и дава препораки за нивна имплементација; - одговорен е за подготовката на одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на работите во АПРЗ и правилникот за систематизација на работните места во АПРЗ, како и за измените и дополнувањата на овие акти;

	- одговорен е за законито и ажурно водење на персоналните досиеја на сите вработени во АПРЗ.
2.7 Советник за управување со човечки ресурси	
Реден број	9.
Шифра	УПР 01 01 В01 000
Ниво	В1
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник за управување со човечки ресурси
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделението
Вид на образование	Високо образование
Други посебни услови	- поседува возачка дозвола од Б категорија.
Работни цели	самостојно извршување најсложени работи што се однесуваат на подготовка на материјали и документи од областа на управувањето со човечките ресурси и спроведување на постапката за вработување во АПРЗ.-Општина Битола
Работни задачи и обврски	- ги следи и применува прописите од областа во која што работи; - учествува во процесот на оценувањето на административни службеници во својата институција и на административни службеници во други институции; - континуирано ги следи законските прописи и другите општи акти од областана државната управа, работните односи и државната служба; - учествува во подготовката на одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на работите на државната администрација и правилникот за систематизација на работните места во државната администрација, како и измените и дополнувањата на овие акти; - соработува, ја реализира комуникацијата и го координира спроведувањето на обврските на АПРЗ како работодавец во постапките за вработување на државни службеници со Агенцијата за администрација; - учествува во подготовката на актите и решенијата за вработување државни службеници во АПРЗ; - учествува во подготовката на решенијата за државните службеници поврзани со распоредувањето, годишните одмори и другите отсуства, престанокот на работниот однос и со други права на државните службеници согласно со Законот за Административни службеници;

	- води персонално досие за секој вработен, учествува во изработката и функционирање на системот за евиденција со човечките ресурси, - дава совети и упатства за спроведување на одредбите од Законот за Административни службеници и подзаконските прописи за негова реализација во однос на управувањето со човечките ресурси и остварувањето на правата и должностите на државните службеници; - соработува со МИОА во однос на сите прашања поврзани со реализацијата на одредбите од Законот за Административни службеници.
2.8Помлад соработник за управување со човечки ресурси	
Реден број	10.
Шифра	УПР 01 01 В04 000
Ниво	В4
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник за управување со човечк и ресурси
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделението
Вид на образование	Високо образование
Други посебни услови	- поседува возачка дозвола од Б категорија.
Работни цели	извршување наједноставни рутински работи и работни задачи од областа поврзани со човечките ресурси, под надзор и контрола од раководителот на одделението.-Општина Битола
Работни задачи и обврски	- помага во изготвувањето на план за работа на одделението и се грижи за неговата реализација; - помага во изготвувањето на периодични и годишни извештаи за работата на одделението и прегледи за спроведените активности; - ги следи и проучува теоретските и практичните искуства во земјата и странство за работите од областа на управувањето и менаџирањето со човечките ресурси, - помага во процесот на оценување на вработените и води евиденција за вработените, - помага во изработката на планови и програми за надградба на човечките капацитети, -помага во ажурирањето на документите кои се однесуваат на сите обрасци за обуки за вработените, - помага во евидентирањето и архивирањето на обрасците за оценување, - помага во подготвувањето на решенијата и други

	видови акти за реализација на правата кои произлегуваат од законот за административни службеници, законот за работни односи, законот за извршување на буџетот на РМ, за соодветната фискална година, - помага во подготвувањето и развивање на анкетни прашалници за мерење на задоволството на вработените на годишно ниво, го следи спроведувањето на анкетите и врши аналитичка обработка на истите и интерпретација на резултатите.
Сектор за финансиски прашања	
3 Раководител на сектор за финансиски прашања	
Реден број	11.
Шифра	УПР 01 01 Б02 000
Ниво	Б2
Звање	Раководител на сектор
Назив на работно место	Раководител на сектор за финансиски прашања
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор
Вид на образование	економски науки
Работни цели	раководење со секторот, организирање, насочување и координирање на работата на секторот.-Општина Битола

Работни задачи и обврски	- организирање, насочување и координација на работата на секторот и координира финансиски текови за реализација на советодавни услуги, - подготовка на извештаи за напредокот во спроведувањето на програмата за работа на секторот и одделенијата во состав; - подготовка на предлози за политики по начелни прашања од надлежност на секторот; - подготовка на мислења и анализи за прашања поврзани со одредени политики и со остварувањето на програмата за работа на АПРЗ, кои бараат одлуки од највисоко ниво; - предлага концепти на одлуки и други прописи за уредување на односи, состојби и прашања и иницира решавање на одделни проблеми; - одговара за навремено, законито и квалитетно вршење на работите и задачите во секторот ; - обезбедува предлог програма за работа на секторот и со другите раководители на сектори, учествува во подготовка на стратешкиот план, програмата за работа и извештаите на АПРЗ; -подготвува Годишен финансиски извештај и спроведува ex ante и ex post финансиска контрола и врши непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите; - ги следи и се грижи за имплементација на законските и подзаконските прописи и другите општи акти од областа на буџетското работење согласно законот за финансиско управување и контрола; - учествува во подготовка и реализација на проектни активности и градење на системи во АПРЗ.
Одделение за сметководство и плаќање	
3.1 Раководител на одделение за сметководство и плаќање	
Реден број	12.
Шифра	УПР 01 01 Б04 000
Ниво	Б4
Звање	Раководител на одделение
Назив на работно место	Раководител на одделение за сметководство и плаќање
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на секторот
Вид на образование	економски науки
Работни цели	раководење со одделението, организирање, насочување и координирање со работата на

	одделението.-Општина Битола
Работни задачи и обврски	- организирање, насочување и координација на работата на одделението; - подготовка на предлог - план за работа на одделението со кој раководи и одделенијата во состав; - подготовка на извештаи за напредокот во спроведувањето на програмата за работа на одделението со кој раководи и одделенијата во состав; - врши непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите и работните задачи во одделението, и подготвува и предлага план за работа на одделението и се грижи за реализација на планот за работа; - одговара за навремено, законито и квалитетно извршување на работите и работните задачи што се вршат во одделението, и учествува за спроведување на конкретни одлуки за работите кои се вршат во одделението по претходни инструкции од повисоко ниво и дава препораки за нивна имплементација; - се грижи за организација и ефикасно вршење на работите , се грижи за редовно и ажурно водење на сите деловни книги пропишани со закони, обезбедува деловните книги да бидат во согласност со прифатената сметководствена практика и меѓународните стандарди за сметководствено известување; - изготвува завршна сметка, годишен извештај за материјално финансиското работење, анализи и информации за побарувањата обврските, и превземените договорни обврски на АПРЗ; - предлага акти за промена, на законската регулатива, координира и учествува или непосредно изготвува одлуки и други прописи, програми, информации и други акти, од својата област.
3.2Помлад соработник за финансиско евидентирање	
Реден број	13.
Шифра	УПР 01 01 В04 000
Ниво	В4
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник за финансиско евидентирање
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделението

Вид на образование	економски науки
Работни цели	извршување наједноставни рутински работи и задачи во одделението, под надзор и контрола од раководителот на одделението.-Општина Битола
Работни задачи и обврски	- помага во изготвувањето на план за работа на одделението и се грижи за неговата реализација; - помага во изготвувањето на периодични и годишни извештаи за работата на одделението и прегледи за спроведените активности; - континуирано ги следи законските прописи и други општи акти од областа на сметководстото за буџетите и буџетските корисници; - врши подноставни работи, се грижи за редовно и ажурно водење на сите деловни книги пропишани со закон и обезбедува деловните книги да бидат во согласност со прифатената сметководствена практика и меѓународните стандарди за сметководствено известување; - помага во прибирањето на финансиските документи; помага при заведување на влезните и излезните фактури; - врши други работи што ќе му ги довери раководителот на одделението.
Одделение за буџетска контрола	
3.3Раководител на одделение за буџетска контрола	
Реден број	14.
Шифра	УПР 01 01 Б04 000
Ниво	Б4
Звање	Раководител на одделение
Назив на работно место	Раководител на одделение за буџетска контрола
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на секторот
Вид на образование	економски науки
Работни цели	раководење со одделението, ја организира, насочува и контролира работата на одделението.-Општина Битола
Работни задачи и обврски	- организирање, насочување и координација на работата на одделението; - вршење на непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите; - распоредување на работите и задачите на вработените во одделението со кое раководи; - подготовка на предлог - план за работа на одделението со кој раководи и одделенијата во

	состав; - подготовка на извештаи за напредокот во спроведувањето на програмата за работа на одделението со кој раководи и врши самопроценка на одделни процеси на системот на финансиското управување и контрола; - подготовка на мислења и анализи за прашања поврзани со одредени политики и со остварувањето на програмата за работа на АПРЗ, кои бараат одлуки од највисоко ниво на институцијата; - врши контрола на извршување на буџетот, контрола на извршување на утврдените политики и оперативното управување (надзор над целокупниот процес на финансиското управување и контрола), контрола на расположивоста на планираните средства во буџетот/финансискиот план пред преземање на обврски, како и следење и контрола на преземените обврски од страна на секторите и буџетските корисници; - ја следи реализацијата на договорите за јавни набавки и спроведува ex–ante и ex-post финансиска контрола; - во законски утврдениот рок ги подготвува кварталните извештаи со образложение за извршување на буџетот на АПРЗ; - ја контролира предлог годишната сметка на буџетот на АПРЗ и го подготвува Годишниот финансики извештај од член (47) од Законот за јавна внатешна финансиска контола; - дава предлози за воспоставување/укинување на ex-ante финансиската контрола.
3.4Советник за буџетска координација и контрола	
Реден број	15.
Шифра	УПР 01 01 В01 000
Ниво	В1
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник за буџетска координација и контрола
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделението
Вид на образование	економски науки
Работни цели	самостојно извршување најсложени работи и задачи во одделението поврзани со изготвување на извештаи.-Општина Битола
Работни задачи и обврски	- учествува во изготвувањето на периодичните и годишните планови и извештаи за работа на одделението и прегледи за спроведените активности;

	- контиуирано ги следи законските прописи и други општи акти од областа на буџетското работење, финансирањето на РО и РЕ, уредувањето на изворите на средства на АПРЗ и други прописи поврзани со финансиското работење на АПРЗ; - подготвува материјали за извршувањето на буџетот на АПРЗ, и изготвува неделни, месечни, прегледи; - врши подготовка на кварталниот извештај за извршување на буџетот, подготовка на месечните, квартални и годишни планови за трошење на средствата од буџетот на АПРЗ, и го следи нивното извршување; - дава стручна помош за изготвување на годишната сметка на буџетот на АПРЗ, и за изготвувањето на годишниот извештај; - врши подготовка на Годишниот финансики извештај од Законот за јавна внатешна финансиска контрола; - изготвува извештај за превземените договорни обврски, врши планирање и управување со ликвидноста; - врши стручна обработка на прашањата што се од значење за примена на законските одредби и изготвува тези за изработка на прописи, општи акти и информативн аналитички материјали; - изготвува анализи, информации и други материјали и дава стручни појаснувања и мислења за законите и другите прописи и општи акти.
3.5 Помлад соработник за прибирање на податоци	
Реден број	16.
Шифра	УПР 01 01 В04 000
Ниво	В4
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник за прибирање на податоци
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделението
Вид на образование	економски науки
Работни цели	извршување поедноставни работи и работни задачи од областа на буџетската контрола, под надзор и контрола од раководителот на одделението.- Општина Битола

Работни задачи и обврски	-помага во изготвувањето на план за работа на одделението и се грижи за неговата реализација; - помага во изготвувањето на периодични и годишни извештаи за работата на одделението и прегледи за спроведените активности; - контиуирано ги следи законските прописи и други општи акти од областа на буџетското работење, финансирањето на РО и РЕ; - уредувањето на изворите на приходи на АПРЗ и други прописи поврзани со финансиското работење на АПРЗ; - врши подготвителни работи за извршувањето на буџетот на АПРЗ; - прибира податоци за кварталниот извештај за извршување на буџетот и податоци за месечните, квартални и годишни планови за трошење на средствата од буџетот на АПРЗ и го следи нивното извршување; - прибира податоци за месечните извештаи што АПРЗ ги доставува до РО и РЕ и распределување на средствата; - помага во изготвување на тези за изработка на прописи, општи акти и информативни аналитички материјали.
Сектор за земјоделство и рурален развој	
4 Раководител на сектор за земјоделство и рурален развој	
Реден број	17.
Шифра	УПР 01 01 Б02 000
Ниво	Б2
Звање	Раководител на сектор
Назив на работно место	Раководител на сектор за земјоделство и рурален развој
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор
Вид на образование	добиточно производство (сточарство), преработка на анимални производи, растително производство
Други посебни услови	- поседува возачка дозвола од Б категорија
Работни цели	раководење на секторот, организирање, насочување и координирање на работата на секторот .-Општина Битола

Работни задачи и обврски	- организирање, насочување и координација на работата на секторот; - вршење на непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите; - распоредување на работите и задачите на раководителите на одделенијата во состав на секторот со кој раководи; - грижа за стручното усовршување и работната дисциплина на вработените во секторот; - подготовка на извештаи за напредокот во спроведувањето на програмата за работа на секторот и одделенијата во состав; - подготовка на предлози за политики по начелни прашања од надлежност на секторот; - подготовка на мислења и анализи за прашања поврзани со одредени политики и со остварувањето на програмата за работа на АПРЗ, кои бараат одлуки од највисоко ниво; - подготовка на иницијативи за решавање на одделни прашања и проблеми од делокруг на секторот; - организирање, насочување и координација на работата и непосредна контрола и надзор над спроведување на упатсвата и постапките за идентификација, формулирање и дисеминација на проекти и проектни активности во информацискиот систем; - обезбедува редовна и континуирана комуникација и координација со релевантните институции, технички експерти и граѓански здруженија вклучени во имплементацијата на проектите, меѓународна комуникација и воспоставување на партнерства.
4.1 Помошник раководител на сектор за земјоделство и рурален развој	
Реден број	18.
Шифра	УПР 01 01 Б03 000
Ниво	Б3
Звање	Помошник раководител на сектор
Назив на работно место	Помошник раководител на сектор за земјоделство и рурален развој
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на секторот
Вид на образование	добиточно производство (сточарство), преработка на анимални производи, растително производство
Други посебни услови	- поседува возачка дозвола од Б категорија
Работни цели	помагање во работењето на раководителот на

	секторот за прашања што се од подрачјата за кои што е формиран секторот.-Општина Битола
Работни задачи и обврски	- му помага на раководителот на секторот за прашања што се однесуваат на давање потребна стручна помош на раководителите на одделенијата при вршењето на најсложени работи и задачи и го следи текот на нивното извршување; - иницира решавање на одделни прашања и извршува работи и задачи што бараат посебна стручност и самостојност во работата; - дава предлози за политики по начелни прашања од делокругот на секторот и учествува при вршењето анализа и проценка на прашања што се јавуваат во текот на работата на секторот и се грижи за спроведување и извршување на програмата за работа на секторот; - организирање, насочување и координација на работата и непосредна контрола и надзор над спроведување на упатсвата и постапките за идентификација, формулирање и дисеминација на проекти и проектни активности во информацискиот систем; - координира активности во процесот на дефинирање на проектни идеи, меѓународна комуникација и воспоставување на партнерства; - следи и координира имплементација на проекти и обезбедува комплементарност и континуирана комуникација и координација со релевантните институции, технички експерти и граѓански здруженија вклучени во имплементацијата на проектите.
Одделение за план, анализа и ЕУ проекти	
4.2Раководител на одделение за план, анализа и ЕУ проекти	
Реден број	19.
Шифра	УПР 01 01 БО4 000
Ниво	Б4
Звање	Раководител на одделение
Назив на работно место	Раководител на одделение за план, анализа и координација на ЕУ
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на секторот
Вид на образование	преработка на анимални производи, добиточно производство (сточарство), биотехнологија
Други посебни услови	- поседува возачка дозвола од Б категорија.

Работни цели	раководење со одделението, организирање, насочување и координирање на работата на одделението.-Општина Битола
Работни задачи и обврски	- организирање, насочување и координација на работата на одделението; - вршење на непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите; - распоредување на работите и задачите на раководителите на одделенијата во состав на одделението со кој раководи; - подготовка на предлог - план за работа на одделението со кој раководи и одделенијата во состав; - подготовка на извештаи за напредокот во спроведувањето на програмата за работа на одделението со кој раководи и одделенијата во состав; - подготовка на предлози за политики по начелни прашања од надлежност на одделението со кој раководи; - подготовка на мислења и анализи за прашања поврзани со одредени политики и со остварувањето на програмата за работа на АПРЗ, кои бараат одлуки од највисоко ниво на институцијата; - организирање, насочување и координација на работата, непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите; - изготвува стратешки и предлог план од областа на надлежностите на одделението и се грижи за нивно доследно спроведување. - програмира и планира користење на странска помош од ЕУ фондови и донаторски организации; - поддржува и координира процес на имплементација, мониторинг и евалуација на проектите финансирани во рамките на Инструментот за претпристапна помош (IPA), во согласност со националните и прописите на ЕУ; - обезбедува редовна и континуирана комуникација и координација со релевантните институции, технички експерти и граѓански здруженија вклучени во имплементацијата на проектите, меѓународна комуникација и воспоставување на партнерства; - обезбедува редовна и континуирана комуникација и координација со Секретаријатот за европски прашања во врска со програмите. -Непосредно соработува со останатите одделенија во АПРЗ како и со останати надворешни институции за

	прашањата што се поврзани со ЕУ интеграција, -дава мислења по нормативните акти со кои се регулираат прашањата сврзани со ЕУ правни акти, учествува во работни групи за изработка на закони во процесот на апроксимација на ЕУ правни акти и дава стручен придонес во областа.
4.3Советник за план и анализа	
Реден број	20.
Шифра	УПР 01 01 ВО1 000
Ниво	В1
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник за план и анализа
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделението
Вид на образование	преработка на анимални производи, добиточно производство (сточарство), биотехнологија
Други посебни услови	- да поседува возачка дозвола од Б категорија.
Работни цели	самостојно извршување на најсложени работи и задачи во одделението поврзани со организацијата и координацијата на одделенијата за региони. .- Општина Битола
Работни задачи и обврски	- дава стручна помош, совети и врши менторство на административните службеници од пониските нивоа -учествува во изготвувањето на предлог-план за работа на одделението и се грижи за неговата реализација; - помагање во работењето на раководителот на одделението во спроведување на задачите кои бараат поголема одговорност, стручност и самостојност во работата; - учествува во изготвувањето на периодични и годишни извештаи за работата на одделението и прегледи за спроведените активности; - ги разгледува, контролира, анализира и обработува доставените извештаи за извршени активности и за истите подготвува извештаи со препораки; - изготвува протоколи за демонстративен опит, врши нивна дисеминација до регионалните одделенија и врши мониторинг на спроведувањето; - изготвува техничко-економски советодавни пакети и врши мониторинг на спроведувањето и врши стручно аналитички работи на податоци од системот за мониторинг на фарма, од партиципативна проценка на руралните подрачја, како и од други податоци прибрани од теренот; - дава поддршка за примена на агро-економски

	параметри кај земјоделските стопанства преку подготовка на бизнис план, деловно планирање, инвестициона програма; - анализа, насочување и информирање за спроведување на делови од програмите за финансиска поддршка за земјоделство и рурален развој, други национални програми и ИПАРД програмата; - учествува во спроведување на стручна едукација, обука и трансфер на вештини на земјоделските стопанства според методологија утврдена во програмата за работа, изготвува стручни материјали и врши нивна дисеминација до регионалните одделенија.
4.4Помлад соработник за техничка поддршка на програмски активности	
Реден број	21.
Шифра	УПР 01 01 В04 000
Ниво	В4
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник за техничка поддршка на програмски активности
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделението
Вид на образование	добиточно производство (сточарство), биотехнологија.
Други посебни услови	- поседува возачка дозвола од Б категорија.
Работни цели	извршува поедноставни работи и работни задачи од областа на програмските активности. -Општина Битола
Работни задачи и обврски	- дава предлози за планот за работа на одделението и извештај за напредокот во спроведувањето на неговата работа; - прибира информации и податоци заради подготовка на материјали и документи кои содржат: стручни анализи на прашања кои се од од областа која ја покрива, стручни анализи, информации и други материјали за работата на одделението, дава предлози за планот за работа на одделението и извештај за напредокот во спроведувањето на неговата работа; - помага при изготвувањето на проектните активности; - помага при изготвувањето протоколи за демонстративен опит, врши нивна дисеминација до регионалните одделенија; - помага при изготвувањето на техничко-економски

	советодавни пакети; - дава поддршка за примена на агро-економски параметри кај земјоделските стопанства преку подготовка на бизнис план, деловно планирање, инвестициона програма; - информирање за спроведување на делови од програмите за финансиска поддршка за земјоделство и рурален развој, други национални програми и ИПАРД програмата; - учествува во спроведување на стручна едукација, обука и трансфер на вештини на земјоделските стопанства според методологија утврдена во програмата за работа; - соодветно на стручноста може да учествува во работата на координативни групи и други стручни тела, тимови и функционални форми во рамките на АПРЗ.
4.5Самостоен референт за рурален развој	
Реден број	22.
Шифра	УПР 01 01 ГО1 000
Ниво	Г1
